Архивски број: 08-180/2
Датум: 03-03-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 180/1 од 4.2.2024 година поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Гостивар, против Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово и ПЗУ Лабораторија за молекуларна дијагностика, дијагностичка микробиолошка лабораторија и дијагностичка лабораторија за цитологија – [redacted] Тетово, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на ден 14.2.2025 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 180/1 од 4.2.2024 година поднесена од [redacted] против Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово и ПЗУ Лабораторија за молекуларна дијагностика, дијагностичка микробиолошка лабораторија и дијагностичка лабораторија за цитологија – [redacted] Тетово, **поради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 4.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 180/1, поднесена од [redacted] против Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово и ПЗУ Лабораторија за молекуларна дијагностика, дијагностичка микробиолошка лабораторија и дијагностичка лабораторија за цитологија – [redacted]“ Тетово.

Подносителката наведува дека била вработена во ПЗУ Лабораторија за молекуларна дијагностика, дијагностичка микробиолошка лабораторија и дијагностичка лабораторија за цитологија – [redacted] Тетово. На ден 13.12.2024 година, таа поднела Барање за раскинување на договор за вработување до [redacted], на кое не било ставено печат за прием. На ден 29.12.2024 година подносителката доставила Пријава против работодавачот по електронски пат, а на ден 30.12.2024 година истата ја испратила и по пошта, до Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово. Таа наведува дека никакви дејствија не биле преземени од страна на инспекторатот. Во таа смисла, подносителката објаснува дека до неа било доставено Известување заведено под број 09-94 од 24.1.2025 година, додека компјутерски бил испечатен број 0907-2 од 16.1.2025 година. Оттука, подносителката тврди дека неодговорно се манипулирало со датумите и непреземање на дејство коешто требало да биде преземено во рок од 8 дена после пријавата, согласно Законот за работните односи. Во таа насока, подносителката објаснува дека со непреземање на дејствие од страна на Државниот инспекторат за труд во Тетово ѝ се причинувало штета од причина што ѝ била потребна М2 одјава од претходниот работодавач за да може да се вработи кај нов работодавач. Дополнително, подносителката наведува дека други лица коишто претходно биле вработени кај работодавачот немале поднесено ни писмено барање за откажување на договорот за вработување, туку по усмен пат еден месец однапред ги известиле менаџерката [redacted] без притоа да им бил предвиден 3 месеци отказен рок како на подносителката. Таа смета дека е ставена во нееднаква положба поради нејзината национална припадност. Понатаму, таа објаснува дека во Известување бр. 09-94 било нагласено дека од страна на менаџерката [redacted] било изјавено дека во лабораторијата немало пријава за вознемирување на работното место од страна на подносителката. Понатаму, подносителката наведува дека најзиниот факсимил бил


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

затворен во базата на податоци од страна на работодавачот на 31.12.2024 година, додека отказниот рок ѝ бил предвиден на 3 месеци.

Во прилог на претставката беше доставена следната документација:

1. Барање за раскинување на договор за вработување
2. Претставка за вршење на инспекциски надзор до Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово
3. Известување од Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
4. Решение за откажување на договор за вработување со бр. 779/2024 од 30.12.2024 година
5. Приговор против Решение за откажување на договор за вработување до ПЗУ Лабораторија за молекуларна дијагностика, дијагностичка микробиолошка лабораторија и дијагностичка лабораторија за цитологија – [redacted] Тетово
6. Известување со прилог поднесен приговор до Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово
7. Известување бр. 09-94 од 24.1.2025 година од Државен инспекторат за труд ПЕ Тетово

**По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во таа смисла, наводите од претставката се однесуваат на прашања поврзани со вознемирување на работното место, раскинување на договор за вработување и остварување на права од работен однос. Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност да ја оценува законитоста или правилноста на работењето на Државниот инспекторат за труд, доколку во наводите од претставката не постојат индиции дека со дејствијата или пропустите на овој орган е сторена дискриминација врз основа на некоја од заштитните карактеристики. Подносителката може да побара заштита од вознемирување на работното место согласно Законот за заштита од вознемирување на работното место, а заштитата на своите права од работен однос може да ја оствари согласно Законот за работните односи. Во таа насока, подносителката може да се обрати до Инспекцискиот совет, кој е надлежен за оценување на законитоста и правилноста на постапувањето на Државниот инспекторат за труд.**

Имено, законската дефиниција за дискриминација е предвидена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други..."*

**Имајќи предвид дека во конкретниот случај е опфатен проблем кој не се однесува на барање на заштита на права врз основа на дискриминаторска основа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.**

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејвароски

Доставено до:
[redacted]